Сања Переша Мацука
Игор Јовановиќ

# Фудбалот и политиката



Клучно прашање

## Во која мера се сложувате со тврдењето: “Фудбалот нема никаква врска со политиката”?

**Тема**

Овој модул се однесува на спортскиот живот во периодот 1918-1930, поточно за еден познат случај и проблеми кои се појавиле поврзани со југословенскиот национален тим на Првото светско првенство во фудбал во Уругвај. Темата е контроверзна бидејќи говори за проблемите како: нацијата во Кралството Југославија, диктатура, централизација, политички судири... Нашата намера е да им го прикажеме на учениците српско-хрватското прашање преку мал и интересен инцидент/случај. Темата е релевантна за целиот регион бидејќи фудбалот бил многу популарен и развиен во овие краишта и веруваме дека сите ученици се заинтересирани за нивната локална фудбалска историја, па ова може да послужи и како поттик за понатамошно истражување и проекти од локалната историја.

**Цели**

- Критичка анализа на извори за учеството на југословенскиот национален тим на Првото светско првенство во фудбал.
- Продлабочување на знаењето за локалната и светската историја на спортот.
- Запознавање со забавната страна на историјата и потикнување на интерес за историската наука.

**Очекувани резултати:**

- Учениците ќе развијат критичко размислување низ изучување на причинско-последичните врски
- Учениците ќе ја пронајдат поврзаноста меѓу политиката и спортот
- Ќе го споредат овој познат случај од историјата со проблемите и насилството кое денес се случува помеѓу љубителите на спортот
- Јакнење на интересот и ентузиазмот за предметот историја

**Упатство за наставници**

Наставникот ќе ја претстави темата пред учениците. Работилницата има две фази – првата фаза е индивидуална работа и работа во парови, а втората фаза е групна работа и претставување на резултатите

45 минути

**Чекор 1** - Мотивација:

Вовед и мотивација – наставникот ќе го прочита воведот, потоа ќе ја покаже сликата на старата фудбалска топка од 19 век. Учениците ќе одговорат на даденото прашање и ќе се извлече заклучок за предзнаењата на учениците од историјата на фудбалот.

Прашања

1. Обиди се да го споредиш играњето на фудбал сега и пред 100 години.
2. Какви биле условите во минатото?
3. Дали знаеш нешто за историјата на фудбалот?

**Чекор 2** - „Федбалот во Кралството Југославија“: работа во групи – анализа на фотографии и пополнување на табела – Учениците ќе анализираат извори од најави во весниците за новата интересна игра – фудбал, извори за Првото светско првенство во фудбал и создавањето на Фудбалскиот сојуз во Загреб.

Предложени прашања за дискусија:

1. Дали фудбалот го сметаме за стара спортска традиција? Зошто?
2. Наведи некои познати фудбалски клубови од почетокот на 20 век!
3. Кога е создаден Југословенскиот фудбалски сојуз и каде се наоѓало неговото седиште? Зошто?

**Чекор 3** - „Централизација и фудбал“: Работа во групи – анализа на извори, изработка на временска лента. Задачата е да се анализираат извори и да се пополни временската лента, спојувајќи ги сите изворите според датуми. На крајот ќе се реконструира приказната гледано од хрватски, српски, словенечки и меѓународен агол.

Прашања и задачи:
1. Подреди ги изворите по хронолошки редослед и изработи хронолошка лента.
2. Анализирај ги сите гледишта за префрлањето на седиштето на Фудбалскиот сојуз од Загреб во Белград. Што можеш да заклучиш?
3. Зошто е битно седиштето на фудбалските сојузи да бидат во главните градови на државите? Образложи го своето мислење.

**Чекор 4** - „Светско првенство без хрватски играчи“: групна работа – анлиза на извори. По краткиот вовед, учениците ќе работат во групи. Задачата е да се анализираат извори за Првото светско првенство во фудбал, одговарајќи на три поставени прашања.

Прашања и задачи:
1. Зошто хрватските фудбалери одбиле да настапат за националниот тим на Југославија, на светското првенство во Уругвај?
2. Најди ја врската помеѓу политиката и спортот, бизнисот и спортот, некогаш и денес. Објасни!
3. Дали знаеш за некој фудбалер денес кој одбил да настапува за националниот тим и зошто?
4. Кои се можните причини за одбивањето на повикот на националните тимови денес, а кои некогаш?

**Чекор 5** – Враќање и реакции: групна работа – анализа на извори. Учениците ќе анализираат извори и ќе одговараат на прашања. На крајот ќе се извлече заеднички заклучок и ќе се пополни дадената табела: Причини / Инцидент / Последици

Прашања и задачи
1. Враќање и реакции
- Спореди ги дочеците на националниот тим организирани во Љубљана, Загреб и Белград. Што можеш да заклучиш?
- Зошто дочекот во Загреб бил студен?
- Поврзи го ваквиот дочек со состојбите во земјата во тие денови.
2. Прашање на парите
- Наведи некои проблеми во врска со парите по завршувањето на светското првенство!

Табела 1

| **причини** | **инцидент** | **последици** |
|---|---|---|
| | | |

**Работилницата може да се заврши со клучното прашање:**
**Во која мера се сложувате со тврдењето дека “Фудбалот нема никаква врска со политиката”?**

## Активност 1

**МОТИВАЦИЈА**
**(фронтална работа, тработа во парови, дискусија)**

***Вовед***
*Кралството СХС (подоцна Југославија) е создадено во 1918 година со центар во Белград. По 1918 година воспоставени се нови, наднационални спортски сојузи. Некои од нив биле основани во Загреб, како што биле Југословенскиот олимписки комитет и Фудбалскиот сојуз на Југославија.*
*Обидот за создавање на унитарна и централизирана држава со центар во Белград создал тензии, нарочно изразени помеѓу хрватите и србите. Откако во 1930 година, канцеларијата на фудбалскиот сојуз е префрлена во Белград, хрватските репрезентативци одбиваат да настапуваат за националниот тим, во наредните три години.*
*Тензиите помеѓу хрватите и србите исто така ќе се одразат и врз фудбалот.*

Извор **1**

**Фудбалска топка од 19 век**



*Zupanja – the craddle of Croatian football", Zupanja, 2005.*

Извор **2**

**Споменик на првата Фудбалска топка**



*Zupanja – the craddle of Croatian football", Zupanja, 2005.*

**Прашања**

1. Обиди се да го споредиш играњето на фудбал сега и пред 100 години.
2. Какви биле тогашните услови?
3. Зали знаеш нешто за историјата на фудбалот?

# Активност 2

## ФУДБАЛОТ ВО КРАЛСТВОТО СХС
(работа во групи)

Извор **1**

### Повик за учење на фудбалската игра (1893)

Бидејќи во најново време насекаде низ Европа, но и надвор од Европа, земаа замав спортските игри, посебно во тн. Англија, како тенис, фудбал, крикет (...) "Хрватски Сокол" одлучи да ги запознае своите членови со некои од тие игри (...) Играта ќе започне следната недела, а најпрвин ќе се учат тенис и фудбал.

*Sto godina nogometa u Hrvatskoj 1880. – 1980., NIŠRO Prosvjeta, Bjelovar 1984., glavni urednik Franjo Frntić*

Извор **2**

### Основање на Фудбалскиот сојуз на Југославија во Загреб

Во 1912/13 одиграно е првото фудбалско првенство на Хрватска и Славонија со учество на 6 клубови. Првак бил ХАШК. Второто првенство започнало во 1913 година, но не е завршено поради Првата светска војна. Основањето на југословенскиот фудбалски сојуз се случило на Собранието во Загреб, 15 април 1919 година. На тоа Собрание, покрај делегатите од хрватска присуствувале и претставници од други краишта на замјата па по дискусијата преовладало мислењето дека е поупатно и покорисно да се создаде и фудбалска организација на новосоздадената држава на србите, хрватите и словенците. Така на тој ден, наместо создавање на Хрватски фудбалски сојуз, основан е југословенски фудбалски сојуз (ЈФС) со седиште во Загреб.

*Sto godina nogometa u Hrvatskoj 1880. – 1980., NIŠRO Prosvjeta, Bjelovar 1984., glavni iurednik Franjo Frntić*

Извор **3**

### Југословенски национален тим

Југословенскиот национален тим го одиграл својот прв меѓународен натпревар на Олимпискиот турнир во Антверпен 1920 година. Два тешки порази и последно место на турнирот, по кој следеле не толку успешни натпревари на олимпијадата во париз и Амстердам, не ги обесхрабриле фудбалските пионери. Националниот тим продолжил да игра пријателски натпревари и локални турнири (Куп на Балканот, Куп на соседните земји), а во 1930 година учествува на првото светско првенство во Уругвај.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | | 5 | 5 |
| 2 | | 5 | 2 |
| 3 | | 2 | 5 |
| 4 | | 2 | 3 |
| 5 | | 2 | 1 |
| 6 | | 1 | 0 |
| 7 | | 0 | 1 |
| 8 | | 0 | 1 |

***Вовед***

*Српската политичка елита инсистирала на централизирана држава, силно противејќи се на идејата за федерализација за која се залагале повеќето од хрватските политички лидери. Владата предводена од Срби во Белград се обидувала да формира централизирана држава со преместување на државните институции во главниот град на државата. Преместувањето на Фудбалскиот сојуз било дел од тој процес.*

*ФСЈ е формиран во 1919 година во Загреб, а во 1930 година префрлен е во Белград.*

Извор **1**

**Централизација**

Шестојануарската влада работеше на создавање на организации, друштва, здруженија, засновани на идеологија на интегрирано југословенство. Во декември 1929 година, создадена е првата државна организација за физичка култура (Сокол на Кралството Југославија). Целосното подржавување во областа на физичката култура извршено е во 1931 година со создавање на Министерство за физичко воспитување на народот. Создадени се Југословенски стрелачки сојуз, Југословенски противпожарен сојуз, Југословенски извиднички сојуз, Сојуз на спортски сојузи, кој опфаќал цела редица на спортови. Спортот во Кралството југославија, организациски поврзан во Сојуз на спортови, добил значајна улога во спроведувањето на военото образование на младината.

*Branko Petranović: ISTORIJA JUGOSLAVIJE, knjiga I - KRALJEVINA JUGOSLAVIJA , www.znaci.net/00001/93_6pds. (19.07.2013)*

Извор **2**

**Хрватско гледиште**

На редовното собрание на Југословенскиот фудбалски сојуз одржано на 16 март 1930 година во Загреб, во периодот кога на сила е шестојануарската диктатура, со мнозинство на гласови донесена е одлука седиштето на сојузот да се префрли од Загреб во Белград.

Познати се фактите дека според тогашните правила, клуб кој е член на сојузот не е должен да испрати делегат на собранието. Помалите клубови им давале полномоштво за застапување на поголемите клубови, за кои верувале дека водат правилна фудбалска политика. Секое полномоштво на собранието значело и глас повеќе, така да поедини делегати имале и повеќе гласови при носењето на одлуките. Тоа ќе биде и одлучувачко, бидејќи поедини делегати имале и по повеќе од 10 гласови. Така еден делегат од Загреб имал 26 полномошта од својата територија. На неразјаснет начин ноќта помеѓу сабота и недела тие полномошта ги снемува, така да не било можно да бидат употребени на собранието. Токму недостатокот од 26 полномошта бил одлучувачки за носењето на одлуката за преселба на југословенскиот фудбалски сојуз од Загреб во Белград.

*Sto godina nogometa u Hrvatskoj 1880. – 1980., NIŠRO Prosvjeta, Bjelovar 1984., glavni urednik Franjo Frntić*

Извор **3**

**Собрание на Југословенскиот фудбалски сојуз**

ЗАГРЕБ, 16 март

“Јутарњи лист” донесува: “Денес овде е одржано Собрание на Југословенскиот фудбалски сојуз. Тоа е продолжение на собранието од 24.11 минатата година и можеа да се слушнат само тогаш верификуваните. Веднаш се премина на расправа за измена на Член 1 од сојузниот правилник за седиштето на сојузот. Со 213 гласа донесен е заклучок истиот да се измени и како седиште да се впише Белград. Таму се сели и поради фудбалските судии.”

*Jutarnji list, 16.03. 1930.*

Извор **4**

**Пред главното собрание на ЈФС (Југословенски фудбалски сојуз)**

Утре со почеток во 8 часот во Градскиот совет ќе се одржи собрание на ЈФС на кое ќе се расправа за многу битни прашања. За состанокот владее големо интересирање во сите спортски кругови во целата држава, бидејќи на дневен ред се многу важни предлози. Во Загреб пристигнаа делегати од Сараево, Осиек, Белград, Скопје, Сплит, Љубљана и Суботица. Многу од клубовите ќе испратат свои претставници. Главна тема ќе биде измената на правилата. Можно е да дојде до расправии поради многу пријавени клубови во Загребскиот фудбалски подсојуз. Понатаму ќе се говори и за предог промената за одигрување на натпревари од државното првенство во Љубљанскиот подсојуз, потоа за учеството на светското првенство, за промената на начинот на делегирање на судии за натпреварите, кое го предлага подсојузот од Суботица. Собранието ќе може да присуствуваат само делегати на клубови како и оние со посебни дозволи.

*Slovenec, br.63. 16.03. 1930.*

Извор **5**

**Седиштето на ЈФС пренесено во Белград**

Политика, 17. март 1930.

Седиштето на ЈФС пренесено во Белград
"Повеќето од делегатите од загребскиот, сплитскиот и осиечкиот подсојуз го напушти собранието при гласањето! Новата управа избрана со акламација."

*Politika', 17 03 1930*

Извор **6**

**По значајната одлука за префрлање на ЈФС во Белград**

Политика, дневен весник близок до владата, Белград, 19. 03. 1930.
"Неделното собрание на ЈФС симна од дневен ред еден крупен проблем во југословенскиот спортски живот. По прашањето на префрлање на седиштето на ЈФС, спортистите беа поделени во два табори, што и не е некое големо зло. Но борбата околу останувањето на сојузот во Загреб толку се изобличи, што човек веќе не можеше да го види крајот на неразумната и неспортска борба."

*'Politika', daily paper close to the Government, Belgrade, 19 March 1930.*

Извор **7**

**Новата управа на ЈФС ја превзема работата**

Загреб, 18. март
Вчера наутро претставниците на досегашниот ЈФС примиа полициско известување дека треба веднаш да ги предадат работните задачи на новоизбраниот одбор. Денес (попладне) во 15 часот тоа е и извршено.

*Slovenec, Novine Slovenske pučke stranke, br 65,*

Извор **8**

**Изјава на Хуго Меисел***

Политика, 20. 03. 1930.
"Што се однесува до прифаќање на овие измени во водството на ЈФС од страна на ФИФА, можам веднаш да ви кажам дека ќе ја признаеме управата која е легализирана кај вашата власт"
"Доколку со тоа се согласни југословенските спортски клубови, јас би предложил да се одржи една конференција, евентуално во Марибор, на која би се заложил да се надминат несогласувањата помеѓу Белград и Загреб."
*Хуго Меисел – делегат на Австрија и член на управата на ФИФА

*Politika, 20 03 1930*

Извор **9**

**Прв состанок на ЈФС во Белград**

"Синоќа во Белград се одржа првиот состанок на ЈФС. По опширната расправа, одбиена е примедбата на Загребскиот подсојуз, дека ЈФС е префрлен во Белград по потреба, а не според силата на правото."

*Hrvatski list, 23. 3. 1930.*

**Questions:**

1. Read the sources by chronological order and make a timeline
2. Analyse all points of view about moving Football Association from Zagreb to Belgrade. What can you conclude?
3. Why is it important that seats of football associations are in the capital city of a state? Explain your answer.

# Активност 4

## СВЕТСКО ПРВЕНСТВО БЕЗ ХРВАТСКИ ИГРАЧИ
(работа бво група)

***Вовед***

*1930 . (...)*

*1930 ,*

*( ).*

### Извор 1

**Прва ноќ на бродот “Флорида”**


ПОЛИТИКА

Наши фудбалери на путу за Уругвај

**Прва ноћ на броду „Флорида"**

Politika’ , 26. 06. 1930, br. 7950 – godina XXVII

### Извор 2

**Југославија постигна значајни резултати, со делбата на третото место со тимот на САД, додека во првата средба на отворањето ги победија апсолутните фаворити Бразил со 2:1.**


ПОЛИТИКА

Успеси Европљана у Монтевидеу

**Југославија је тукла Бразилију са 2:1 (2:0)**

Politika, Beograd, 15. 7. 1930.

### Извор 3

**Без Хрвати**

Во весниците кои ги купија во Загреб нема ништо за учеството на Југославија во Монтевидео. Единствена вест во врска со престојното првенство беше изјавата на еден загребски фудбалски работник, кој рекол и останал жив: “Ние водиме сметка за здравјето на нашите играчи и не дозволуваме да патуваат во Монтевидео, во авантура која може да ги доведе во прашање и нивните животи. Тие таму ќе гладуваат и ние ги жалиме сите оние кои тргнале на овој пат преку морето”, пишуваше во весникот.

*Vladimir Stanković “Montevideo bog te video”, Beograd*

### Извор 4

**Денес Југославија игра против Боливија**

Фаворит е Југославија - “Најдобриот тим, прваци на Европа”, вели уругвајскиот печат за нашите играчи


**Данас Југославија игра против Боливије**

– Фаворит је Југославија - „Најбољи тим, прваци Европе", каже уругвајска штампа за наше играче –

Politika’, 17 07 1930

**Прашања и задачи:**

1. Поради што хрватските играчи одбија да настапат за националниот тим на Светското првенство?
2. Пронајди ја поврзаноста помеѓу политиката и спортот, бизнисот и спортот, некогаш и денес. Објасни!
3. Дали знаеш за некој играл денес, кој одбил да настапува за националниот тим и зошто?
4. Кои се можните причини за одбивање на повикот на репрезентацијата денес, а кои некогаш?

Извор **1**

**Враќање на репрезентацијата**

Дочекот беше срдечен, како и секаде попат. Најпрвин во Љубљана, потоа во Загреб, Сисак, Нова Градишка, во Шид навивачите буквално го окупираа вагонот во кој беа играчите, а кулмина-цијата беше во Белград, каде што на железничката станица чекаа 5.000 воодушевени луѓе. Фудб-алерите беа буквално изнесени низ прозорците од вагоните и на рамена од навивачите однесени на Теразије...

*Vladimir Stanković, Montevideo! Bog te video, Beograd 2010.*

Извор **2**

**Дочек во Љубљана**

“Утринава во девет и пет со брз воз во Љубљана пристигна нашата спортска репрезентација, која со голем успех се бореше на фудбалските полиња на Јужна Америка и постигна завидни резултати. По таа можност на станицата во Љубљана се најдоа доста љубители на спортот, кои срдечно ја дочекаа и поздравија нашата фудбалска репрезентација.”

*„Politika“, Septembar 1930., br. 8018 – godina XXVII*

Извор **3**

**Дочек во Загреб , 1. септември 1930.**

“Денес во 12:30 со брзиот воз од Париз, во Загреб пристигна нашата фудбалски тим од Монтевидео. На станицата во Загреб изостана секој спортски дочек. Присатни беа само дописници на белградските спортски весници.”

*„Politika“, Beograd, 2. 09. 1930., br. 8018 – godina XXVII*

Извор **4**

**Добредојде**

“Илјадници навивачи на дочекот на нашите репрезентативци, на белградската станица.”



*Politika“, Septembar 1930., br. 8018 – godina XXVII*

Извор **5**

**Југословенскиот тим (по враќањето) во Белград, 3. септември 1930.**



*Vladimir Stanković, Montevideo Bog te video, Beograd*

**Прашања**:

1. Спореди ги дочеците на националниот тим во Љубљана, Загреб и Белград. Што можеш да заклучиш?
2. Зошто во Загреб им бил приреден ладен дочек?
3. Поврзи го ваквиот дочек со ситуацијата во земјата во тие денови.

Извор **6**

### Афера поради пари и оставка на претседателот на ЈФС

Аферата поради парите од јужна Америка се повеќе се заострува.
БСК одлучи да поднесе тужба против ЈСФ.
Белград 23 септември
"Прашањето за поделбата на 450.000 динари кои државната репрезентација ги донела од Уругвај добива се поостар облик и се чини дека работата ќе заврши пред суд. Додека едни бараа парите да се предадат на ЈФС во корист на целокупниот југословенски спорт, други бараа парите да се дадат на БСК, бидејќи тој е најзаслужен за тоа што нашата репрезентација воопшто отишла во новиот свет. Јавивме дека претседателот на ЈФС Шафарик и сојузниот капитен Симоновиќ дадоа оставки бидејќи бараа половината од парите да се дадат на БСК. Синоќа управата на БСК одржала состанок на кој претседателот на клубот Др. Живковиќ реферирал по прашањето за поделба на парите и истакнал дека некои членови на управата на ЈФС, усно се изјасниле дека поовината од парите би му ги дале на БСК. Меѓутоа, тие членови сега не можеа да ги исполнат своите ветувања, а бидејќи тој смета дека на некој начин го оштетил клубот, даде оставка на местото претседател. Оставката не е уважена, а за неа клубот ќе одлучува подоцна. Воедно е решено да се поднесе тужба на пред редовниот суд против ЈФС и да во таа тужба ЈФС да се означи како форум кој сака на бесправен начин да присвои пари, кои се всушност сопственост на клубот."

Извор **7**

### Поделба на премии

"Само во Југославија наскоро ќе започне кампања преку весниците во правец на негирање на квалитетот на "Српската селекција" и начинот на репрезентирање на југословенскиот фудбал. Поразите на репрезентацијата на Белград и БСК на пријателските натпревари ќе бидат наречени "бламажа на југословенскиот углед", заборавајќи дека тој углед го подигна баш таа селекција на фудбалери. Меѓутоа, големата сума на пари (преку 450.000 динари) нема да се нарекува "бламирана", туку ќе се бара целиот тој износ да припадне на ЈФС, како пријателските натпревари да ги играла државната репрезентација, по налог на Југославија. Иако БСК во репрезентацијата која настапи во Уругвај имаше повеќе од две третини од играчите, бараше само една третина од средствата, поради покривање на трошоците направени при остварувањето на тој приход. Покрај тоа, БСК поради угледот на југословенскиот фудбал, го жртвуваше својот, играјќи на државното првенство со резервен состав.
Повеќемесечната кавга во врвот на југословенскиот фудбал ќе заврши со одлука на Собранието на ЈФС во корист на БСК, 14 декември 1930 година.
Во меѓувреме на приговорите од Загребското фудбалско подрачје дека се би било поинаку седиштето на ЈФС да останеше во Загреб, претседателот на ЈФС Јанко Шафарик поднесе оставка и засекогаш се повлече од фудбалскиот спорт."

*Petar M. Prokić, Montevideo 1930.- Prvi svetski kup u fudbalu, Beograd 1998., str. 94.-95.*

Извор **8**

### Оставка на претседателот на ЈФС

Бурен состанок на Управниот одбор на ЈФС, поради прашањето околу поделбата на парите, кои државната репрезентација ги донесе од Јужна Америка.
Белград 19 септември. Синоќа ЈФС одржа вонреден состанок. Пред почетокот на состанокот прочитана е оставката на претседателот Др. Јанко Шафарик која мораше да се прифати, бидејќи Др. Шафарик во неа наведува дека е неотповиклива...

*Hrvatski list, 20.9.1930*

### Прашања и задачи

1. Наведи некои проблеми во врска со пари по завршувањето на Светското првенство.

На крајот ќе извлечеме заеднички заклучок и ќе ја пополниме табелата: Причини / Инцидент / Последици

| причини | инцидент | последици |
|---|---|---|
| | | |